Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 68 од Судскиот деловник (Службен весник на РМ бр.66/2013 и 114/2014) и член 31, член 32 и член 33 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија(Службен весник на РСМ бр.14/2022 и 199/24), постапувајќи по барање за донесување на правно мислење заради воедначување на судската практика, на седницата одржана на ден 26.12.2024 година, го утврди следното:

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

**Нотарот како физичко лице по престанок на вршење на службата нотар поради исполнети услови за пензија, има активна легитимација да заведе судска постапка за наплата на побарувања кои не се наплатени до денот на престанок на вршење на службата нотар, а произлегуваат од период кога ја вршел службата нотар.**

### О б р а з л о ж е н и е

До Врховниот суд на Република Северна Македонија доставено е барање за донесување на правно мислење поради невоедначена судска практика по однос на правното прашање дали нотарот како физичко лице, по престанокот на вршењето на службата поради одење во пензија, во судска постапка може да бара наплата на побарувања кои не се наплатени до денот на престанок на вршењето на службата нотар и дали има како физичко лице активна легитимација за водење на такви спорови.

Во поднесеното барање се укажува на донесена пресуда на првостепен суд потврдена со пресуда на второстепениот суд. Во пресудите е изразено правно мислење дека лицето кое како нотар имал доспеано побарување спрема должникот, а кој поради исполнување услови за пензија престанал со вршење на нотарската служба, како физичко лице не може да биде правен следбеник на нотарот. Наведеното од причина што се работи за два различни субјекти. Правниот субјективитет на нотарот произлегува од Законот за нотаријат, каде во соодветни одредби е утврдено дека нотарот е лице кое врши јавни овластувања и дека една од причините за престанок на нотарската служба е кога нотарот ќе наполни 64 години возраст. Согласно ова, од самото тоа што престанал правниот субјективитет на нотарот, истиот не може како физичко лице да настапи како правен следбеник на нотарот и како физичко лице да ги остварува побарувањата кои произлегуваат од преземени дејствија од оформени предмети додека ја вршел нотарската служба.

Кон барањето е приложена и правосилна пресуда во која е изразено правно мислење дека и покрај тоа што со решение на Министерството за правда бил утврден престанок на службата на нотарот, наведеното лице за време на вршење на нотарската служба за потребите на тужениот, издавал решенија за нотарски платни налози со кои се дозволувало извршување врз основа на веродостојна исправа, фактури за должници на сега тужениот, заради што е овластен како физичко лице и по престанок на службата на нотар во својство на тужител да поднесе тужба за наплата на долгуван износ.

Од содржината на приложените судски одлуки од подносителот произлегува дека е изразено различно правно мислење во врска со правното прашање дали нотарот како физичко лице е активно легитимирана страна да заведе судска постапка за парични побарувања произлезени од период кога вршел служба како нотар, или тоа право го нема поради престанок на вршење на службата нотар, со исполнување на услови за пензија.

Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, расправајќи по правното прашање, го утврди правното мислење поради следните причини:

Тужителот како физичко лице е активно легитимиран субјект за поведување на постапка за побарувања кои потекнуваат од период кога тој ја вршел нотарската служба, при што заминувањето во пензија на тоа лице, не претставува правна пречка како физичко лице да поднесе тужба.

Имено, лицето кое вршело служба нотар и тужителот како физичко лице, не се различни субјекти, туку претставуваат едно исто физичко лице. Со престанок на правото на вршење на службата нотар, не се губи општата правна способност на лицето како физичко лице која се стекнува со раѓање и се губи со физичка смрт. Вршење на службата нотар претставува само личен статус и со исполнување на условите за пензија, не се менува субјективитетот на лицето како физичко лице. Оттука, не може да станува збор за ненаследување на правен субјективитет од правно на физичко лице.

Од погоре изнесените причини, а со оглед дека постои невоедначена судска практика, Одделот за граѓански дела во врска со поставеното правно прашање го утврди правното мислење.

Оддел за граѓански дела